РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 27. седница одржана на 20.06.2019 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

за акредитација на студиска програма „Педагогија" трет циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" скопје

1. Се акредитира студиска програма „Педагогија" трет циклус студии на **Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 3 години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање:
**Доктор на науки од поле образование педагогија**
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки ,
Научно - истражувачко поле: 505.
Научно - истражувачка област: 50500.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет (III циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.



08 542/21

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет н Филозофски факултет Скопје, трет циклус студиска програма „Педагогија", н 13.05.2019 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образовани во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметнат студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 2 седница, одржана на 30.05.2019 година формира стручна комисија за оценка н доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештај на стручната комисија, на својата 27 седница одржана на 20.06.2019 година, одлу како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Владо Камбовски

Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Филозофски факултет
Примено: 18.07.2019
08 542/27

УП1 бр. 14-1529
07 2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 , 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Педагогија на Филозофски факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Педагогија на Филозофски факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање бр. 08-542/26 од 02.07.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 бр. 14-1529 од 03.07.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Педагогија на Филозофски факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-262/7 од 28.06.2019 година, издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1529 од 10.07.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 18.06.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1529 од 12.07.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Педагогија на Филозофски факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Доставено и до
- Архива

Подготвил: Биљана Зафировска
Контролирал: Снежана Лузевска
Одобрил: d-r Agim Rushiti